# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.149 од 13.09.2014 година**

## Член 1

Во Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 55/2004, 12/2005 и 98/2008) во членот 12 став (1) во точката 7. по зборот „Чалакли," се додаваат зборовите: „Калково, Горна Маала".

Во точката 10. по зборот „Карабуњиште," се додава зборот „Клуковец,".

Во точката 11. по зборот „Трсино" се додава зборот „Трстија".

Во точката 14. зборот „Кованци" се заменува со зборот „Кованец", зборот „Ново Коњско" се заменува со зборот „Ново Конско", а зборот „Хума" се заменува со зборот „Ума ".

Во точката 15. зборот „Мердита" се заменува со зборот „Мирдита".

Во точката 18. зборот „Дебарца" се заменува со зборот „Дебрца".

Во точката 19. зборот „Звегор" се заменува со зборот „Ѕвегор".

Во точката 32. по зборот „Долно Палчиште," се додаваат зборовите: „Калник, Чифлик".

Во точката 39. зборот „Годивје" се заменува со зборот „Годивле".

Во точката 41. по зборот „Винце," се додава зборот „Воиновиќ,", а по зборот „Косматац," се додава зборот „Костурник,".

Во точката 42. по зборот „Стража" се додава зборот „Лукаре".

Во точката 44. во првиот ред зборовите: „Маврово и Ростуша" се заменуваат со зборовите: „Маврово и Ростуше", а во седмиот ред зборот „Ростуша" се заменува со зборот „Ростуше".

Во точката 46. по зборот „Требовље" се додава зборот „Лаг".

Во точката 49. зборот „Гнилеж" се заменува со зборот „Гнилеш".

Во точката 53. по зборот „Сушица" се додава зборот „Чифлик".

Во точката 54. по зборот „Робово," се додава зборот „ Спиково,".

Во точката 57. зборот „Дренок" се заменува со зборот „Дренак", зборот „Зарепинци" се заменува со зборот „Зарапинци", зборот „Пестршино" се заменува со зборот „Пестришино", зборот „Петришино" се заменува со зборот „Петршино" и зборот „Плешанци" се заменува со зборот „Плешенци".

Во точката 62. зборот „Алакинце" се заменува со зборот „Алакинци", зборот „Горно Ѓуѓанце" се заменува со зборот „Горно Ѓуѓанци", зборот „Долно Ѓуѓанце" се заменува со зборот „Долно Ѓуѓанци", зборот „Немањица" се заменува со зборот „Немањици", а зборот „Ранчинци" се заменува со зборот „Ранченци".

Во точката 65. зборот „Враниште" се заменува со зборот „Враништа".

Во точката 69. зборот „Фалиш" се заменува со зборот „Фалише".

Во точката 74. зборот „Судиќ" се заменува со зборот „Судик", а зборот „Топлиќ" се заменува со зборот „Топлик".

Во точката 77. по зборот „Булачани," се додава зборот „Виниче,", а по зборот „Јурумлери," се додава зборот „Колонија,".

Во точката 78. по зборот „Грачани," се додава зборот „Кисела Јабука,".

Во точката 81. по зборот „Арнакија," се додава зборот „Горна Арнакија,".

## Член 2

Во целиот текст на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија зборот „Дебарца" се заменува со зборот „Дебрца" и зборот „Ростуша" се заменува со зборот „Ростуше".

**Член 3**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".